# МАТЕМАТИЧКИТЕ РАБОТИЛНИЦИ ВО РАМКИ НА МАНИФЕСТАЦИЈАТА „НОЕМВРИ–МЕСЕЦ НА НАУКАТА“

*Весна Целакоска-Јорданова* [1], *Ирена Стојковска* [1]

[1] *Институт за математика,*
*Природно-математички факултет,*
*Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје*
e-mail: celakoska@gmail.com, irena.stojkovska@gmail.com

Еден убав и интересен начин да се продлабочат знаењата, но и да се популаризира математиката меѓу учениците е да се практикуваат вонучилишни работилници коишто се посветени на одредена тема. Во овој труд ја опишуваме нашата работа во рамките на манифестацијата „Ноември – Месец на науката“ во текот на 2017 и 2018 година. Организиравме работилници на четири теми за ученици од прво до шесто одделение, а сите се водеа под заеднички наслов „Математиката е повеќе од бројки“. Внимававме работилниците да бидат во склоп на материјалот што е изучуван на училиште или, пак, да не се бараат некои поголеми претходни познавања. Иако работевме со многу млада популација, внимаваме работилниците да не бидат премногу едноставни, ниту, пак, да содржат софистицирана терминологија или комплицирани математички изрази. Наша обврска беше да ги поттикнеме учениците да забележат некоја шема, да состават некаква фигура или да обопштат некоја идеја. Се надеваме дека низ игра им го доловивме возбудливиот, забавниот, па и корисниот дел од математиката.